РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT

Бр.- Nr. 04-648/11
16.04.2026 год.-vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Врз основа на член 53 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и ,,Сл.весник на РСМ,, бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 4 став 1 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималнит број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас (,,Сл.весник на РСМ,, бр.63/20), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 16.04.2026 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За запирање на постапката по Интерен оглас
бр. 01/2026

1. **СЕ ЗАПИРА** постапката по Интерен оглас бр.01/2026 за унапредување на административни службеници во Општина Јегуновце за работните места:

- Советник за општи работи во Одделението за правни работи, општи работи и јавни дејности, со шифра на работно место УПР 0101 В01 000 - 1 (еден) извршител, и
- Соработник за развој и управување со човечки ресурси во Одделението за правни работи, општи работи и јавни дејности, со шифра на работно место УПР 0101 В03 000 - 1 (еден) извршител,

2. Постапката по Интерен оглас бр.01/2026 се запира поради истек на рокот во кој требаше да се спроведе административната селекција.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави на интернет страницата на Агенцијата за администрација и веб-страницата Општина Јегуновце.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 26.03.2026 год., на интернет страницата на Агенцијата за администрација и на веб - страницата на Општина Јегуновце беше објавен Интерен оглас бр. 01/2026 и истиот траеше пет дена, односно беше објавен до 30.03.2026 год., за унапредување на административен службеници во Општина Јегуновце за работните места:

- Советник за општи работи во Одделението за правни работи, општи работи и јавни дејности, со шифра на работно место УПР 0101 В01 000 - 1 (еден) извршител, и
- Соработник за развој и управување со човечки ресурси во Одделението за правни работи, општи работи и јавни дејности, со шифра на работно место УПР 0101 В03 000 - 1 (еден) извршител.

Согласно член 4 став 1 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималнит број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, административната селекција се спроведува најдоцна 15 дена од денот на истекот на рокот за пријавивање на кандидати, односно административната селекција требаше да се спроведе најдоцна до 14.04.2026 год., што значи дека истата не се спроведе во предвидениот рок..

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Градоначалникот на Општина Јегуновце одлучи како во диспозитивот на ова Решение

Правна поука: Против оваа Решение може да се изјави жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Решението на интернет страницата на Агенцијата за администрација и веб-страницата Општина Јегуновце.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски

Доставено до: - архива на општината и
- Агенција за администрација